# Новиот закон за извршување - социјален мир или клуч на извршителските канцеларии?




Фото: Маја Јаневска-Илиева

Уште во мај 2017 година премиерот Зоран Заев на Твитер објави дека Владата ќе ги намали судските, адвокатските и извршителските трошоци и камати. Година и пол подоцна, новите измени на Законот за извршување беа изгласани во Собранието и стапија во сила само три дена пред крајот на 2018 година.

Мислењата за новите правила на работа на извршителите се поделени. За власта, тие треба да донесат поправедно општество и поголем социјален мир. За извршителите, новите измени на законот, особено намалувањето на тарифите, ќе значи секојдневна борба за опстанок на извршителските канцеларии.

Намалувањето на ставките од тарифата на извршителите е дел од програмата за работа на Владата, но е ставено и во стратегијата за реформи на правосудството.

Премиерот Зоран Заев при презентирањето на новите измени на Законот за извршување најави дека ќе се укинат 16 тарифи.

- Дури 16 ставки за кои претходно постоеја трошоци, со новата тарифа ќе бидат целосно бесплатни. Некои ставки се намалени за 50 отсто, некои дури и повеќе од 50 отсто. На пример, налогот за извршување на трансакциска сметка на физичко лице, кое порано чинеше 20 евра, со новиот тарифник ќе биде 2 евра за долгови до 1.000 евра и ќе се движи до 6 евра за највисоките долгови.

Наградите на извршителите се исто така намалени, со тоа што се става ограничување дека при извршување платни налози за комунални трошоци, наградата не може да биде повеќе од 20 отсто од висина на главниот долг - рече Заев.

Рокот за донесување на подзаконските акти, меѓу кои е и новиот тарифник за извршителите, е утврден со законот и тие треба да се донесат најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето на законот во сила. Но тоа не значи дека ќе се чека крајниот рок за нивно донесување, велат од Министерството за правда.

- Носењето на новата тарифа е обврска што произлегува од членот 10 од измените на Законот. Неа ќе ја донесе министерот за правда по претходно набавена согласност на КИРМ, која, пак, е должна своето мислење да го даде во рок од 15 дена по приемот на предлог-тарифата до КИРМ. Додека не се донесе новата тарифа, извршителите треба да работат по постојната, без цената за администрирање.

Основите за измените на тарифата се исто така определени во споменатиот законски член и сосема е јасно дека измените ќе се движат во правец на намалување на трошоците на извршување за најмногубројните и најчувствителни предмети, комуналните услуги, и за долгови, комуналните сметки и давачките за топлинска и електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории, наводнување и одводнување, водејќи сметка за социјално ранливите категории граѓани.

Притоа ќе се води сметка да не се наруши концептот на ефикасно извршување или, пак, стимулирање на должниците да не ги плаќаат своите обврски навремено, бидејќи сепак треба да се има предвид дека овој закон и тарифа се однесуваат на присилно извршување на извршните исправи, а секој должник има можност и шанса доброволно да ги исполнува своите обврски и никогаш не мора да биде предмет на присилно извршување. Тоа е она што во јавноста често се заборава, велат од Министерството за правда.

Од Комората на извршители велат дека голем дел предмети со кои работат извршителите се однесуваат на долгови од комунални сметки, односно од компании кон физички лица и таму тарифите драстично се намалуваат. За да не дојде до затворање на канцелариите на извршителите и да не се наруши нивната финансиска ликвидност, треба многу внимателно да се постапи при носењето на тарифите за другите предмети. Комората се надева дека Министерството за правда ќе води сметка за сите овие работи.

- Со оглед на тоа што во членот 10 се опфатени предмети од комунални дејности со многу ниска тарифа, со кои има огромни олеснувања за граѓаните, треба да се внимава при носењето на тарифите за другите предмети, како што е во преостанатите земји од регионот, зашто извршителите во земјава треба да останат активни - вели Зоран Димов, претседател на Комората на извршители.

Новите правила за работа на извршителите што ги носи новиот закон, практично ги враќаат во игра старите модели.

Извршителите и понатаму остануваат да ја вршат својата службена должност, без обврски да полагаат испити на секои седум години, што за нив претставуваше не само финансиски туку и професионален притисок.

- Се создава можност за пополнување на испразнетите извршителски места и именување на заменик-извршители, што беше сосема оневозможено со законот од 2016-та, заради екстремно сложениот систем на именување извршители и заменик-извршители, дополнително усложнет со двојни електронски испити. Ова се одрази на ефикасноста на извршувањето во целина, на правата на доверителите, но и на должниците, чии долгови во меѓувреме растеа. Наедно, се враќа важноста на уверенијата за положените испити во периодот 2006-2016, која законот од 2016-та ја негираше. Текот на извршувањето од аспект на постапувања на извршителите останува непроменет и се очекува зголемена ефикасност на постапувањето, со намалени трошоци за странките - објаснуваат од Министерството.

Извршителите веќе работат по новиот закон за извршување, кој беше објавен во „Службен весник“ на 28 декември 2018 година. Очекувањата на Министерството се дека измените на Законот за извршување ќе ја олеснат, поедностават, поевтинат и зголемат ефикасноста при остварување на правата на граѓаните и правните лица и сите учесници во постапката пред извршител, а во правец на надградување на системот за брзо и ефикасно спроведување на извршување и остварување на правата на доверителите, почитувајќи го интегритетот на должникот.

За граѓаните е важно што со новиот закон социјалните случаи се ослободени од какви било надоместоци во текот на постапката за најмногубројната категорија долгови - комуналните сметки и давачките за топлинска и електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории, наводнување и одводнување.

- Сите решенија преточени во одредбите на законот се одраз на потребите од решавањето на проблемите на граѓаните и стопанството, без оглед дали тие се наоѓаат во својство на доверители или должници, бидејќи треба да го олеснат пристапот до остварувањето на нивните права и интереси како клучен сегмент на владеењето на правото во правната држава. За граѓаните е важно што се прошируваат основите за изземање од присилно извршување на средствата што ќе се исплаќаат како надоместоци на штета или хуманитарна помош во случај на елементарни непогоди. Се дефинира одговорност за следење на ограничувањата врз паричните средства што се изземени од присилно извршување, кај носителите на платниот промет, кои доколку неправилно го блокираат физичкото лице, деблокадата треба да ја извршат на сопствена сметка. Креирано е решение за поекономична реализација на извршувањето од сметка, кое најчесто се користи во практиката, а особено во случаите кога се блокираат сите сметки на должникот, односно начинот на префрлање средства помеѓу носителите на платниот промет од страна на извршителот, со што ќе поевтини присилното извршување и ќе се надминат другите негативности од овој начин на извршување - велат од Министерството.

Со новиот закон, пак, извршителите имаат зголемени обврски за грижа за интересите на странките. Регулирана е можноста извршителот да го запре извршувањето во случаите кога должникот презентира доказ за платено побарување, а доверителот не го повлекува барањето за извршување.

- Со ова се заштитуваат должниците од непотребни трошоци во извршувањето. Зголемена е дисциплинската одговорност на извршителите, но во согласност со определбата на Владата се намалуваат паричните казни на половина, а се редефинира одговорноста за ненавремено/неточно доставување извештаи. Се регулира постапувањето на заменик-извршителот во услови на престанок на должноста на извршителот што го заменува - објаснуваат од Министерството за правда.

## Намалени паричните казни за дисциплинска постапка

Со новите измени на Законот за извршување, кои стапија во сила во декември 2018 година, Министерството за правда може по претставка на странка, трето лице или учесник во постапка, по барање на претседателот на суд, државен орган или правно лице, за конкретен предмет да изврши вонреден теренски надзор над работата на извршителот и Комората.

Надзорот го врши комисија составена од претставници на Министерството, овластена од министерот.

Со Законот се намалува паричната казна за дисциплинска постапка против извршителите. Наместо од 500 до 5.000 евра во денарска противвредност, казните се преполовуваат и се движат од 250 до 2.500 евра.

Дисциплинска постапка против извршител може да биде поднесена и поради неодговарање на поднесоци од странки, судови и државни органи. Исто така, доколку ненавремено или неточно ги доставува извештаите за неговата работа. Дисциплинска постапка ќе биде поведена и доколку по барање на странка извршителот не подготви или, пак, подготви неточна пресметка за наплата на побарувањето, каматата, цената за администрирање, цената за извршување дејства, награда на извршителот, како и реални трошоци и такси што се настанати при спроведување на извршувањето.

## Доставите ќе се објавуваат и на веб-страницата на КИРМ

Со новиот закон се воведуваат и нови правила за јавна објава на достава написмено. Ако адресата на странката е непозната за извршителот или, пак, тој не може да направи уредна достава, тогаш, покрај објавата преку дневен печат, извршителот тоа го објавува и на веб-страницата на Комората. Се укинува обврската објавата да се прави преку дневниот печат секојдневно во текот на три последователни броја.